Обраќање на д-р Слаѓана Тасева, Претседател на Транспаренси Интернешнл Македонија

05.11.2012, Штип,

Почитувани граѓани на Општината Штип и соседните општини во Овчеполскиот регион на Република Македонија.

Имам големо задоволство во име на Транспаренси Интернешнл Македонија, но и во име на светската организација Transparency International со седиште во Берлин денес да го објавам отворањето на Центарот за совети и правна помош на граѓаните во Штип.

Имаме посебна чест првиот работен ден на Центарот да го обележиме во присуство на Амбасадорката на Кралството Холандија во Р. Македонија, НЕ г-ѓа Мариет Шурман.

Центарот во Тетово ќе работи во состав на Центарот за давање на правна помош на граѓаните на Транспаренси Интернешнл во Скопје, а со финансиска поддршка од Министерството за Надворешни работи на Кралството Холандија.

Основната цел на Транспаренси Интернешнл Македонија е преку популарно нареченото ALAC (Advocacy and Legal Advice Center) да ја подига свеста за постојните форми на корупција и да ги охрабрува граѓаните активно да се вклучат во борбата против корупцијата.

Тоа ќе го правиме низ разговори со граѓаните кои ќе ја посетат канцеларијата на Центарот на улица Тошо Арсов бр.36, трети кат во Штип, низ комуникација со граѓаните кои ќе се јават по телефон 032/551 000 или на друг начин ќе не известат за проблемот што го согледале или со кој се соочиле преку адресата за електронска пошта alacstip@transparency.org.mk.

Центарот во соработка со канцеларијата во Скопје ќе изработува квалитетни правни анализи, ќе прави консултација, ќе ги советува граѓаните и ќе доставува ставови, мислења и препораки до институциите.

Центарот има за цел да им помага на граѓаните во надминување на проблемите со корупцијата од секојдневниот живот, а кои се поврзани со работата на институциите,

Центарот има за цел да ги насочува кон правилно водење на постапките и да контактира со властите во насока на изнаоѓање на решенија за борба против корупцијата

Ова го прави популарно нареченият ALAC од (Advocacy and Legal Advice Center) единствен од ваква природа.

Преку него граѓаните се запознаваат и ги ползуваат своите права, а проактивниот пристап во работењето влијае кон зајакнување на капацитетите на институциите на државата и на локалната власт.

Овој тип на Центри за совети и правна помош или популарно ALAC се применува во 44 држави во светот. Со АЛАК Transparency International за првпат ги отвори вратите за граѓаните со желба да слушне за нивните искуства со корупцијата и да им помогне.

Горда сум и нескромна кога ќе кажам дека овој проект кој сега има светски рамки започна како моја идеја, овде во Македонија. Првпат беше тоа шестмесечен проект, во далечната 2002 година.

Денес граѓаните во светот се соочуваат со најразлични проблеми. Корупцијата во голема мера ги загрозува човековите права, обезбедувајќи услови за нееднаквост, дискриминација, протекционизам.

Во некои делови од светот корупцијата ги засега најосновните човекови права како што се здрава вода, храна, лекови.

Многу често проблемите се во сферата на здравствена заштита, образованието, вработувањата, правото на сопственост, рекетот при даночните постапки и тендерите, финансирањето на партиите, правото на сопственост.

Жртвите и сведоците на корупцијата имаат потреба да проговорат. Транспаренси Интернешнл им нуди помош и совет преку своите Центри.

Транспаренси Интернешнл одбива да прифати дека луѓето се апатични да се соочат со корупцијата. Центрите успешно демонстрираа дека граѓаните можат да бидат вклучени во борбата против корупцијата кога тоа им е овозможено со едноставни, издржани и флексибилни механизми.

Центрите одговараат и на потребата да се зајакнат поединците во нивната борба против корупцијата. На овој начин создаваме коалиции и ги вклучуваме граѓаните.

Нашата пракса од работењето на канцеларијата во Скопје покажа дека службениците во администрацијата се многу повеќе подготвени да одговорат на допис доставен од Транспаренси Интернешнл отколку да одговорат на барање на граѓаните.

За целите на канцеларијата ТИ–Македонија вработи еден дипломиран правник со положен правосуден испит кој раководи со

канцеларијата г-ца. Надица Марковска и асистент дипломиран правник г-ѓа. Лиљана Миланова.

Транспаренси Интернешнл Македонија и Амбасадата на Кралството Холандија потпишаа договор за поддршка на Центарот во период од две години. Понатамошното работење ќе зависи од тоа какви резултати ќе бидат постигнати, како и од тоа дали граѓаните ќе ги користат неговите услуги

Ви благодарам